Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.11/22
26.12.2022 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот В.Д, Основниот суд Гевгелија на ден 26.12.2022 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од В.Д, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот В.Д, имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ја доставуваме информацијата:

Основниот суд Гевгелија во вонпарнична постапка со кои се дозволува склучување на брак на лице кое наполнило 16 години од животот во последните 3 години, има донесено вкупно 2 решенија и тоа ВПП бр.13/20 од 12.04.2020 година и ВПП бр.20/21 од 12.10.2021 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 26.12.2022 година, под СПИ.бр.11/22 од 26.12.2022 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Павле Тунев-Раководител на оддел